Врз основа на член 34 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (Службен весник на Р. Македонија бр. 98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 148/15 и 64/18) а во врска со член 28, 29 и 30 од Правилникот за постапување со одземен имот (Службен весник на Република Македонија бр. 115/13 и 141/14), а согласно донесената Одлука за продажба на одземени подвижни предмети – хаварисани возила како старо железо бр. 02-728/2 од 21.02.2023 година донесена од страна на Управниот Одбор, Агенцијата за управување со одземен имот објавува:

**ОГЛАС БР. 4/2023**

За продажба на одземени подвижни предмети –хаварисани возила со третман на отпаден материјал, по пат на електронско јавно наддавање

**I ОПШТИ ОДРЕДБИ:**

1.Продавач на одземените подвижни предмети –хаварисани возила со третман на отпаден материјал е Република Северна Македонија-Агенција за управување со одземен имот со седиште на Ул. Кеј Димитар Влахов бр.4, зграда 2, влез 1, кат 4, 1000 Скопје.

**II ПРЕДМЕТ НА ПРОДАЖБА:**

1. Предмет на продажба се правосилно одземени во кривична и прекршочна постапка во корист на државата, подвижни предмети –хаварисани возила со третман на отпаден материјал кои се продаваат заедно и тоа: вкупно 154 возила (патнички и товарни моторни возила, мотоцикли, запрежни коли и приколки). Листа на детален опис на предметите што се продаваат е објавена на веб страната на Агенцијата во делот "Огласи", http://www.odzemenimot.gov.mk/oglasi.aspx

**III ПРОЦЕНЕТА ВРЕДНОСТ, ПОЧЕТНА ЦЕНА, ДЕПОЗИТ ЗА УЧЕСТВО И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ:**

1. Проценета на возилата е извршена согласно Проценките на Министерство за правда-Бирото за судски вештачења со бр: CB V 10/22-38 од 22.12.2022 година, CB V 10/22-32 од 22.12.2022 година, CB V 10/22-6 од 22.12.2022 година, CB V 10/22-5 од 22.12.2022 година, CB V 10/22-3 од 22.12.2022 година, CB V 10/22-2 од 22.12.2022 година, CB V 10/22-11 од 22.12.2022 година, CB V 10/22-14 од 22.12.2022 година, CB V 10/22-16 од 22.12.2022 година, CB V 10/22-18 од 22.12.2022 година.
2. Проценети се 154 возила на кои им е даден третман на отпаден материјал. Точната количина во килограми на возилата за старо железо ќе се утврди на денот на мерењето и документира со кантарски белешки по што ќе се изврши фактурирање со точните количини.
3. За сите возила заедно, почетната цена за продажба на електронското јавно наддавање изнесува **12 (дванаесет) денари** за еден килограм старо железо без ДДВ.
4. Депозитот за учество на електронското јавно наддавање изнесува **355.920,00 денари,** кој се уплаќа на буџетска сметка 100000000063095 при НБРСМ потсметка (сметка буџетски корисник) 040136140969619, приходна шифра 722115, програма 20.
5. Понудувачот-купувачот во рок од 15 дена од заклучувањето на постапката за електронското јавно наддавање должен е да склучи на Договор за продажба, по што ќе се пристапи кон преземање на подвижните предмети.

**IV ДАТУМ И МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ:**

1. Јавното наддавање ќе се одржи електронски на следната интернет страница www.odzemenimot.gov.mk преку системот за електронско јавно наддавање на Агенцијата за управување со одземен имот.
2. Јавното наддавање ќе се одржи на ден 17.03.2023 година, во 11:00 часот и ќе трае 15 минути, до 11 часот и 15 минути.

**V ПРАВО НА УЧЕСТВО:**

1. Право на учество на јавното наддавање имаат сите заинтересирани правни лица кои ги исполнуваат условите од Огласот и кои поседуваат Дозвола за собирање, третман или преработка на отпад согласно член 72 од Законот за управување со отпад со впишана шифра 16.01.04 кои се однесуват на искористени возила согласно Листата на видови на отпад (Сл.Весник на РМ бр.100/05) и Правилникот за мерките за заштита на животната средина кои мораат да ги преземат производителите, сопствениците и субјектите кои постапуваат со искористени возила, нивните компоненти, материјали, целите и роковите за нивно постигнување и начинот и условите за складирање, формата и содржината на образецот за известување како и начинот на водење на евиденцијата (Службен весник на Република Македонија "бр.108/2009 и 164/2010).
2. Право на учество немаат осудените лица или лицата против кои се водела кривичната или прекршочната постапка, вработените во Агенцијата за управување со одземен имот, како и друго лице кое службено учествувало во постапката за продажба.

**VI Документација која учесниците на електронското јавно наддавање се должни да ја достават за учество на огласот (оригинал или препис заверен на Нотар):**

За учество на пријавените правни лица во јавното наддавање потребна е претходна електронска регистрација на следниот линк: http://www.odzemenimot.gov.mk/oglasi.aspx, како и задолжително електронско пријавување за предметот за кој ќе се врши наддавањето.

Пријавата за учество со потребната документација во хартиена форма се поднесува преку Архивата на Агенцијата за управување со одземен имот. (Пријавата може да се подигне во Агенцијата или да се преземе од интернет страницата www.odzemenimot.gov.mk). Потребна документација која учесниците се должни да ја поднесат е следнава:

1. Доказ за платен депозит за учество во електронското јавно наддавање;
2. Критериум за утврдување на способност на понудувачот:
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган;
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

3.Техничка опременост на правните лица:

- Доказ за поседување на минимум 2 (две) возила, (камиони - авто дигалки со Грејфер),
- Доказ за поседување на 1 (една) подвижна преса за балирање на старо железо.

4.Доказ за идентитет:
- Тековна состојба од Централен регистар на Република Северна Македонија

5.Дозволи од надлежен орган кои треба да се приложат:
- Дозвола за вршење на дејност складирање, третман и/или преработка на отпад опишана во точка V од оваа објава,
- Дозвола за вршење на дејноста за собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад,
- Лиценца за вршење на јавен превоз во внатрешниот патен сообраќај (за сопствени потреби).

Документите од оваа глава не смеат да бидат постари од 6 месеци.

Пријавата за учество во хартиена форма со потребната документација преку архивата на Агенцијата за управување со одземен имот се приложува во затворен внатрешен плик кој го содржи називот на пријавениот кандидат со целосна и точна адреса. Внатрешниот плик се приложува во затворен надворешен плик кој е адресиран со точна адреса на договорниот орган, го содржи бројот на огласот, во горниот лев агол стои назнака „не отворај” , да не се отвара пред времето и датумот за отворањето.

**VII Рок за доставување на документацијата:**

Рок за поднесување на пријавите за учество на електронското јавното наддавање е до 13.03.2023 година, заклучно до 15:00 часот.

**VIII Начин и постапка за спроведување на наддавањето:**

1. Јавното електронско наддавање се спроведува во согласност со одредбите во член 34 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (Службен весник на Р. Македонија бр. 98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 148/15 и 64/18) и Правилникот за постапување со одземен имот (Службен весник на Република Македонија бр. 115/13 и 141/14).
2. Продажбата на подвижните предмети- хаварисани возила како старо железо ќе се изврши за сите возила во пакет, вкупно 154 возила кои се сместени на повеќе локации и тоа: депоата на Агенцијата во Скопје- депо Миладиновци, Касарна Ѓорче Петров ЕБР, во Скопје - ЈЦС Караорман Скопје, ЈЦС Бард логистик Скопје, Царинска управа – Царинска испостава Блаце, Царинска испостава Богородица, ЈП Национални шуми ПШС Сандански Македонски Брод, МВР ПС Дебар, МВР ПС Струмица, МВР РЦ ГР ЈУГ Кавадарци. Разгледувањето на истите ќе се врши во следниве термини: Во Скопје: АУОИ депо Миладиновци и Касарна Ѓорче Петров ЕБР на ден 01.03.2023 од 10:00 до 12:30 часот, во Скопје - ЈЦС Караорман Скопје на ден 02.03.2023 од 10:00 до 10:30 часот, ЈЦС Бард логистик Скопје на ден 02.03.2023 од 11:00 до 11:30 часот, во Скопје Царинска испостава Блаце на ден 02.03.2023 од 13:00 до 13:30 часот, во Кавадарци - МВР РЦ ГР ЈУГ Кавадарци на ден 03.03.2023 од 10.00 до 10.30 часот, во Гевгелија- Царинска управа ЦИ Богородица на ден 03.03.2023 од 11.30 до 12.00 часот, во Струмица-МВР ПС Струмица на ден 03.03.2023 од 13:00 до 13:30 часот, во Дебар - МВР ПС Дебар на ден 06.03.2023 од 11.00 до 11.30 часот, во Македонски Брод - ЈП Национални шуми ПШС Сандански Македонски Брод на ден 07.03.2023 од 11.30 до 12.00 часот.
3. Продажбата се врши по пат на електронско јавно наддавање преку системот за електронско јавно наддавање на Агенцијата за управување со одземен имот, www.odzemenimot.gov.mk по принципот видено-понудено-купено.
4. Понудувачите заинтересирани за купување на хаварисаните возила како старо железо се стекнуваат со право на учество на електронското јавно наддавање само доколку уплатат депозит за учество во висина од **355.920,00** денари и ги исполнуваат предвидените услови.
5. Јавното наддавање ќе се одржи само доколку учествуваат најмалку двајца понудувачи.
6. По завршувањето на електронското наддавање записникот за спроведеното јавно наддавање се доставува до сите учесници кои учествувале на електронското јавно надавање. Учесниците на јавното наддавање имаат право на приговор само по однос на постапката за јавното наддавање.
7. На понудувачите чија понуда не е прифатена, депозитот им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.
8. За најповолен понудувач ќе се смета учесникот кој последен ја наддал почетната цена и која претставува највисока цена за еден килограм старо железо без ДДВ и со него Агенцијата склучува Договор за продажба.
9. Услов за потпишување на договорот со избраниот најповолен понудувач е обезбедување гаранција за квалитетно извршување на договорот во износ од 600.000,оо денари. Се прифаќа банкарска гаранција во писмена форма или гаранција во уплатени парични средства. Доставата на гаранцијата или уплатата на паричните средства се извршува непосредно пред потпишување на Договорот за продажба.
10. Рокот за подигање на предметите изнесува 40 дена од потпишување на договорот за купопродажба. Доколку во наведениот рок не се преземат возилата ќе се смета дека купувачот се откажал од предметите на продажбата и уплатениот депозит за учество и гаранцијата за квалитетно извршување на договорот нема да му се врати.
11. Сите трошоци во врска со преземањето на возилата од плацовите на Агенцијата за управување со одземен имот паѓаат на товар на купувачот.
12. Информации во врска со продажбата, заинтересираните купувачи може да добијат на телефон (02) 3209-087,
13. Овој оглас се објавува во дневните весници „Слободен печат” и ,,Лајм” како и на интернет страницата на Агенцијата за управување со одземен имот.
14. Објавата на овој оглас трае 15 дена, почнувајќи од 27.02.2023 година, заклучно со 13.03.2023 година.

**Агенција за управување со одземен имот**
**Директор**
**Фатон Асани**